

# Осип и јадеж што се јавува под пелените

## Важни работи

- **Делот од кожата под пелените треба да се држи колку што е можно посув**
- **Менувајте ги често пелените**
- **Благото црвенило на кожата често се смирува ако не се носи пелена**
- **Детето што нема пелена не треба да се остави да лежи во мочка и измет**
- **Најлонските гаќички што се ставаат над пелените не треба да се користат ако пелените не може редовно да се менуваат**
- **Делот од кожата под пелените може да се чисти со топла вода или со влажен крем како што е sorbolene или кремот на база на вода**
- **При секое менување на пелените може да се нанесе како заштита некое средство за навлажнување што ја одбива водата, како што е кремот од цинк и од рицинус или вазелинот**
- **Избегнувајте да користите сапун на кожата**
- **Додајте мала количина ненамирисано масло за капење во водата за капење**
- **Избегнувајте да додавате антисептици или други хемикалии кога ги плакнете пелените при перењето**

## Што е тоа?

Осипот и јадежот што се јавува под пелените е воспаление на кожата што се јавува во делот од кожата што се наоѓа под пелените. Се јавува речиси кај сите бебиња во некој период додека носат пелени. Може да се движи од благо црвенило до прилично сериозно воспаление кое понекогаш е придружено со исцедок од кожата и со создавање на красти. Обично се должи на збир од повеќе причинители, но најважен од нив е носењето на пелени, како што кажува и самото име.

## На кои делови од телото се јавува?

Ваквиот осип и јадеж очигледно се јавува на оние делови од кожата што се наоѓаат под пелените, односно воципите, на бутовите и на задникот. Осипот се јавува само на оние места каде што пелената директно ја допира кожата.

Понекогаш може да се појават такви осипи и далеку од оние делови што се покриени со пелените. Тоа може да значи дека постои и некоја друга болест, на пример воспаление на кожата (егзем), кое е дел од некој скриен проблем што придонесува бебето да е склоно кон осипи и јадежи поради носењето на пелени.

## Што го предизвикува?

Главната причина е носењето на влажни или валкани пелени што се во допир со кожата на детето. Влагата, придружена од триењето на пеленaта од кожата, ја надразнува кожата и предизвикува воспаление. Постои поголема веројатност ова да се случи ако детето веќе има чувствителна кожа, односно, ако е склоно кон воспаленија на кожата (егзем).

Кога површината на кожата еднаш ќе заболи и ќе се воспали, може да се јави и второстепена инфекција со бактерии и со габата кандида (беловина). Употребата на средства што надразнуваат, како што се сапунот и алкохолот, може смао да ја влоши состојбата. Колку подолго се оставаат на кожата влажните пелени пред да бидат сменети, толку се поголеми шансите дека ќе се јави осип и јадеж поради носењето пелени.

## Како се лекува?

Ако пеленaта не е во допир со кожата, не би требало да настане осип. Ако ја вадите пеленaта секогаш кога е тоа можно, осипот побргу ќе се повлече. Меѓутоа, не е практично детето постојано да биде без пелени. Па затоа пелените треба да се менуваат колку што е можно почесто. Ако детето е оставено без пелена, не треба да го оставате да лежи во мочка или во измет. Најлонските гаќички што се носат над пелените не треба да се користат ако пеленaта не може редовно да се менува.

Најдобро е да се користат квалитетни пелени што добро впиваат. Платнените пелени треба да се перат и плават на соодветен начин. Ако се употребуваат хемикалии како што се антисептици и биолошки прашоци за перење, тие треба темелно да се исплават. Омекнувачите за алишта треба да се избегнуваат при перењето на пелените.

Кога се менува пеленaта, кожата може да се исчисти со топла вода или со влажен крем, како што е sorbolene или кремот на база на вода. Треба да се избегнува сапун зашто тој уште повеќе ќе го надразни воспаленото место или ќе ја измени одбраната на кожата, создавајќи склоност кон воспаление ако тоа се уште не се јавило. Откако кожата под пелените ќе се исчисти, треба да се исуши со нежно тапкање, а не со триење, а потоа да се нанесе средство за навлажнување што ја одбива водата, како што е кремот од цинк и рицинус, или вазелинот.

Ако благиот осип и јадеж што се јавува под пелените не се смири со едноставно лекување, или ако добие потежок облик, тогаш можеби е неопходно да се побара совет од лекар за да се утврди дали е неопходно да се примени лекување со кортизонски кремови или со лекови против габата кандида. Лекарот исто така може да утврди дали постои некоја посебна склоност кон воспаление на кожата која придонесува детето да добива ваков осип. Секое воспаление на кожата треба да се лекува и да се преземат мерки за да се спречи долгорочно неговото повторно појавување.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.